Занаетчиска Комора Скопје

ZANAET^ISKA KOMORA SKOPJE
ul. Bitpazarska br.12; 1000 Skopje
tel.:+389 2 3237850;
faks: + 389 2 3237957;
**Email: info@zkomora.com.mk**
`iro smetka: 300000000709203
Deponent Komercijalna banka AD Skopje
D.B. 4030988264319

**До:**
**Министерство за финансии**
**Министер**

**Републичка управа за јавни приходи Скопје**
**Директор**

**Од: Занаетчиска комора Скопје**

**Предмет: Барање да не се пресметува општата даночна стапка од 18% ДДВ за пекарски производи**

**Место и дата:Скопје, јули 2017**

Почитувани,

Го поднесуваме ова барање до Министерството за Финансии во врска со инспекциски надзор за пресметување на општа даночна стапка од 18%, кај занаетчиите запишани во занаетчиските регистри или вршители на занаетчиска дејност регистрирани согласно законот за трговски друштва (ТП или ТД), кои вршат занаетчиска дејност-производство на пекарски производи.
Со Zаконот за данок на додадена вредност (Сл.Весник на РМ бр.8/01)се воведува данокот на додадена вредност и се уредува неговото пресметување и плаќање.
Данокот на додадена вредност, како општ потрошувачки данок, се пресметува и плаќа во сите фази на производството и трговијата, како и во целокупниот услужен сектор. Согласно Законот за данокот на додадена вредност се пресметува со примена на пропорционални даночни стапки врз даночната основа за оданочивиот промет на стоки и услуги и увоз и тоа:

1. Според општата даночна стапка од 18%,
2. Според повластената даночна стапка од 5%.

Согласно чл. 29 од Законот за данок на додадена вредност општата даночна стапка од 18% се применува врз целокупниот промет и

увоз, освен врз прометот и увозот кој се оданочува со повластената даночна стапка.

Согласно член 30 од Законот за данок на додадена вредност, Повластената даночна стапка од 5% се применува врз прометот и увозот на:

1. Производи за човечка исхрана;
2. Вода за пиење од јавните системи за снабдување и одведување на урбаните отпадни води и вода за наводнување на земјоделско земјиште;



3. Публикации и тоа: книги, брошури и слични печатени материјали, весници и други
периодични публикации, детски сликовници, книги за цртање и боење за деца и
картографски производи од секаков вид, освен публикации кои служат претежно за
рекламни цели, како и публикации со порнографска содржина;
4. Семенски и саден материјал за производство на земјоделски растенија;
5. Ѓубрива;
6. Средства за заштита на растенијата;
7. Фолии од пластична маса за употреба во земјоделството;
8. Земјоделска механизација;
9. Лекови;
10. Машини за автоматска обработка на податоци и нивни единици (компјутери);
11. Термални сончеви системи и компоненти и
12. Медицинска опрема, помагала и други уреди чијашто намена е за олеснување или третирање на инвалидност исклучиво за лична употреба од страна на инвалидни лица.

(2) Повластената даночна стапка од 5% се применува и на прометот на следниве
услуги:

1. Превоз на лица и нивниот придружен багаж;
2. Софтвер за машини за автоматска обработка на податоци и нивни единици (компјутери) и
3. Услуги за одржување на јавна чистота и отпремување на отпад.

Согласно погоре цитираните членови содржани во Законот за данок на додадена вредност, сметаме дека во законот доволно јасно стои дека производите за човечка исхрана во кои влегуваат и пекарските производи се одданочуваат согласно повластената даночна стапка од 5% согласно чл. 30 од Законот за данок на додадена вредност. Занаетчиите кои вршат пекарска дејност, се регистрирани како занаетчии во регистрите за занаетчиска дејност, за производство на производи за човечка исхрана (пекарски производи), согласно Законот за вршење на занаетчиска дејност, не се регистрирани за вршење на угостителска и трговска дејност. Согласно чл. 9 од Законот за вршење на занаетчиска дејност, занаетчиите регистрирани за вршење на занаетчиска дејност во занаетчиските регистри имаат право да вршат една или повеќе сродни занаетчиски дејности и промет на своите

производи. Занаетчијата може при вршењето на дејноста да врши продажба и на други производи кои служат на неговиот производ.

Бараме мислење од страна на Министерството за финансии за занаетчиите кои се регистрирани за вршење на производство на производи за човечка исхрана(пекари, бурекџии ......), кои во досегашното свое работење пресметуваат данок на додадена вредност на своите производи по повластена даночна стапка од 5% данок на додадена вредност кои согласно чл. 9 од Законот за вршење на занаетчиска дејност ги продаваат сопствените производи.

Станува збор за занаетчии и вршители на занаетчиска дејност кои немаат предвидено работно место келнер ниту пак вработени лица како келнери туку само продавачи и на граѓаните ја продаваат храната за носење или на пулт и граѓаните ја земаат и јадат на некоја од масичките за јадење . Дали со самиот факт што бурекот се јаде на маса или пулт треба да се пресметува стапка од 18 %, а не од 5%, со што тоа се зголемува и цената на овие занаетчиски производи кои претсавуват основна храна која е и традиционална храна . Дали некогаш толумби, еклер, баклава, бурек и слично се јадело по улица од кеса или на маса. Секогаш се седнувало во слаткарница на чаша боза и баклава или во бурекџилница на јогурт и бурек или пита и тоа е основна храна која е со најниски цени и за граѓани со најниски примања.

Дали по петнаесет годишна примена на Законот за данок на додадена вредност и примена на стапка од 5% за пекарските и слаткарските производи дури сега треба да се направи дилема и да се наметнува поединечно мислење за пресметување на ДДВ по стапка од 18% доколку баклавата и бурекот се јадат на маса. Дали луѓето ке бидат приморани да јадат по улица за да платат 5% ДДВ бидејќи ако јадат на маса за истите тие производи ќе треба да платат 18% ДДВ.

Поради сето погоренаведено бараме мислење од страна на Министерството за финансии-сектор за даноци, дали занаетчиите кои произведуваат храна и граѓаните сами ја земаат од пулт и ја јадат на маса без да им ја послужи келнер имаат обврска да пресметуваат данок по општа даночна стапка од 18 %, и по кој член од Законот за данок на додадена вредност би пресметувале данок на додадена вредност по општа даночна стапка, како што сметааt некои финансиски инспектори.

Се надеваме на одговор од Ваша страна, за да се надминат проблемите кај занаетчиите и се надеваме на понатамошна соработка

Со почит

Занаетчиска комора Скопје
Извршен директор
Снежана Денковска